# ПОЛИТИКА ЗА ПРИВАТНОСТ

**Друштвото за услуги КЕШ ФЛОУ МЕНАЏМЕНТ ПДОО Скопје**, со седиште на ул. "Пандо Кљашев" бр. 93, 1000 Скопје – Кисела Вода, Република Северна Македонија и ЕМБС 7555920 (во понатамошниот текст: **Контролорот**) е трговско друштво кое што управува со платформа за посредување во трговијата со побарувања и други услуги (во понатамошниот текст: **Платформата**) и во текот на вршењето на својата дејност **обработува лични податоци на физичките лица кои ги застапуваат клиентите на Контролорот** (во понатамошниот текст: **Субјекти на лични податоци**).

Со оваа политика Контролорот ги известува Субјектите на лични податоци за **целите, обемот и начинот на собирање и обработување на нивните лични податоци** при користење на Платформата и услугите на Контролорот, како и при усна, писмена или друга комуникација со Контролорот.

За сите прашања што ги имате во однос на значењето на оваа Политика за приватност, нејзината примена, начинот на обработка на лични податоци или користењето на Вашите законски права за заштита на лични податоци можете да го контактирате офицерот за заштита на лични податоци на Контролорот: Кирил Симеоновски со телефон +389 77 676 878 и електронска адреса kiril.simeonovski@cashflow.mk.

## I. Цел на обработка

Целите на собирање и обработка на Вашите лични податоци се следниве:

- **Давање на нашите услуги кон Вас –** Вашите лични податоци може да бидат вработени со цел соодветно да бидат извршени обврските кон Вас во врска со користењето на услугите, како и за заштита на легитимните интереси на Платформата и интересите на трети лица.

- **Комуникација –** Вашите лични податоци може да се користат со цел со Вас да се искомуницираат услугите на Платформата. Под комуникација се подразбира комуникација во секоја форма (лична, телефонска, поштенска, комуникација по електронска пошта или комуникација преку некоја електронска комуникациска платформа).

- **Почитување на регулативата –** може да постојат случаи во кои Контролорот собира и користи Ваши лични податоци затоа што за тоа постои законска обврска или наредба на орган на власта.

- **Рекламирање –** Вашите лични податоци може да се обработуваат со цел преку дописи на електронска пошта или преку телефонски повици да бидете информирани за услугите на Платформата, производите и понуди кои би можеле да Ве интересираат.

- **Спречување злоупотреби –** Вашите лични податоци може да се обработуваат за спречување измама, злоупотреба, кршење на законите или за заштита на интересите на потрошувачите или трети лица од недозволено или неморално однесување.

## II. Начин на собирање, обработка и категории на лични податоци

Вашите лични податоци се собираат исклучиво **директно од Вас или од лице коешто Вие ќе го овластите за тоа на некој од следните начини:**

**i)** **при Вашето регистрирање на Платформата,** Вие на Контролорот му ги давате следните лични податоци: име и презиме, адреса на живеење, општина, поштенски број, телефонски број, ЕМБГ, документ за идентификација (лична карта, пасош), електронска пошта, ИП адреса, пребарувач, модел на оперативен систем, тип на уред и димензија на екран;

**ii)** **при користење на Платформата,** Контролорот ги собира Вашите лични податоци и тоа: ИП адреса, пребарувач, модел на оперативен систем, тип на уред, димензија на екран и податоците од претходниот став кои ги ажурирате повремено; и

iii) **при вршење плаќање на Платформата,** Вашите лични податоци не се собираат на Платформата, туку се собираат и обработуваат на системот на Касис.

## III. Политика на колачиња

Веб-сајтот cashflow.mk и Платформата cfmapp.com може да користат „колачиња“ преку кои се собираат податоци кои треба да го олеснат и подобрат Вашето користење.

За повеќе информации погледнете ја **Политиката за колачиња**.

## IV. Начела на обработка

Контролорот е посветен на обработка на личните податоци во согласност со Законот за заштита на лични податоци и со подзаконска регулатива поврзана со него. Притоа, Контролорот посебен нагласок става на тоа обработката на личните податоци да биде во согласност со начелата од член 9 од Законот за заштита на личните податоци и тоа:

- **законитост, правичност и транспарентност** – личните податоци се обработуваат согласно со закон, во доволна мера и на транспарентен начин во однос на субјектот на личните податоци;

- **ограничување на целите –** личните податоци се собираат за конкретни, јасни и легитимни цели и нема да се обработуваат на начин што не е во согласност со тие цели;

- **минимален обем на податоци** – личните податоци се соодветни, релевантни и ограничени на она што е неопходно во однос на целите заради кои се обработуваат;

- **точност –** личните податоци се точни и каде што е потребно ажурирани, при што ќе се преземат сите соодветни мерки за навремено бришење или коригирање на податоците што се неточни или нецелосни, имајќи ги предвид целите заради кои биле обработени;

- **ограничување на рокот на чување –** личните податоци се чувани во форма која овозможува идентификација на субјектите на личните податоци, не подолго од она што е потребно за целите поради кои се обработуваат личните податоци;

- **интегритет и доверливост –** личните податоци се обработуваат на начин кој обезбедува соодветно ниво на безбедност на личните податоци, вклучувајќи заштита од неовластена или незаконска обработка, како и нивно случајно губење, уништување или оштетување, со примена на соодветни технички или организациски мерки.

Контролорот ќе обезбеди дека:

**i)** неговите лица овластени за обработка на лични податоци добро ќе ги познаваат и почитуваат начелата од претходниот став; и

**ii)** целата внатрешна документација и пракса за обработка на лични податоци ќе биде во согласност со начелата од претходниот став.

## V. Давање на личните податоци на трети лица

Вашите лични податоци може да бидат откриени само кон следните трети лица:

**i)** **Лица ангажирани од страна на Платформата за вршење услуги кон Вас** и тоа само во обем којшто е потребен за исполнувањето на таквите обврски. Притоа, се внимава дали третите лица ги исполнуваат потребните законски, технички и организациски услови за да се обезбеди законско, правично, доверливо, пропорционално и сигурно постапување со Вашите лични податоци; и

ii) **Органите на власта или правосудните органи** и тоа ако за ова има изречна и основана наредба образложена со законска основа, наредба од суд или управен орган, како и доколку тоа е потребно за да се заштитат правата, интересите, имотот или безбедноста на Контролорот, нашите соработници, корисници, јавноста или било кое трето лице.

## VI. Дали се врши пренос на лични податоци во странство?

Личните податоци се пренесуваат во земја членка на Европската Унија (Сојузна Република Германија) со цел користење услуги во облак.

## VII. Временско ограничување за чувањето лични податоци

Вашите лични податоци се чуваат сѐ додека постои реална потреба за нивно чување за да биде возможно исполнувањето на обврските на Платформата кон Вас, заштита на интересите на Платформата или исполнување на законски обврски на Платформата.

## VIII. Право на бришење, исправка, корегирање, дополнување и добивање лични податоци

Вие имате право да побарате бришење, корегирање и дополнување на Вашите складирани лични податоци.

Вие имате право да побарате Контролорот да Ви ги даде Вашите лични податоци во вообичаено користен и машински читлив формат.

Барањето за реализирање на овие права може да го доставите на електронската адреса privacy@cashflow.mk.

## IX. Ограничување на собирање и користење

Доколку не сакате да примате било каква комуникација (електронски пораки, телефонски повици или комуникација преку електронски платформи за комунијација), тогаш потребно е тоа да го побарате преку поднесување барање на електронската адреса privacy@cashflow.mk.

## X. Право на пристап

Покрај она коешто е наведено во оваа Политика на Приватност, Вие имате право да побарате потврда дали се обработуваат Ваши лични податоци и да добиете пристап до тие лични податоци и до следните информации: (i) цели на обработката; (ii) категории на лични податоци кои се обработуваат; (iii) корисници или категории на корисници на кои се откриени или ќе бидат откриени личните податоци, особено корисниците во трети земји или меѓународни организации; (iv) предвидениот рок за кој ќе се чуваат личните податоци, а ако тоа не е возможно, критериумите што се користат за одредување на тој период; (v) информации за како да го реализирате Вашето право на исправка или бришење на личните податоци или ограничување на обработката на личните податоци поврзани со субјектот на личните податоци, или право на приговор против таквата обработка; (vi) информации за како да го реализирате Вашето право на поднесување на барање до Агенцијата за заштита на лични податоци на Република Северна Македонија за заштита на Вашите права; и (vii) постоењето на автоматизиран процес на одлучување, вклучувајќи го и профилирањето.

Информациите од претходниот став може да ги побарате од Контролорот преку поднесување барање на електронската адреса privacy@cashflow.mk.

## XI. Право да се повлече согласноста за обработка на личните податоци

Вие имате право во било кое време да ја повлечете согласноста за обработка на Вашите лични податоци преку испраќање известување на електронската адреса privacy@cashflow.mk.

Во одредени случаи може да се случи Вашите лични податоци да мора да продолжат да се обработуваат доколку тоа е потребно за извршување договор, заштита на легитимни интереси или исполнување законски обврски.

## XII. Сигурност на податоците

Системот на заштита на лични податоци на Контролорот е создаден со главна цел да ги заштити приватноста и личните податоци на корисниците на услугите на Платформата согласно со Законот за заштита на лични податоци.

## XIII. Лични податоци кои се собираат и обработуваат

Вашите лични податоци коишто се собираат и обработуваат се: име и презиме, адреса на живеење, општина, поштенски број, телефонски број, ЕМБГ, документ за идентификација (лична карта, пасош), електронска пошта, ИП адреса, пребарувач, модел на оперативен систем, тип на уред и димензија на екран.

## XIV. Пријава до Агенцијата за заштита на личните податоци на Република Северна Македонија

Доколку сметате дека со собирањето или обработката на Вашите лични податоци, некои Ваши права се повредени или е прекршена некоја од одредбите на Законот за личните податоци, тогаш можете да поднесете барање за заштита до Агенцијата за заштита на личните податоци на Република Северна Македонија.

**НАПОМЕНА:** **Со прифаќањето на оваа Политика за приватност и со користењето на услугите на Платформата, Вие се согласувате со наведениот начин на собирање и обработка на Вашите лични податоци, така што тоа претставува согласност за обработка на лични податоци во согласност со Законот за личните податоци.**